Врз основа на член 24 став 1 алинеа 5 од ЗЕК, а во врска со членовите 73, 76, 78, 79, 80, 82, 84, 85, 87 и 88, од Законот за електронски комуникации (Службен Весник на Република Македонија број 39/2014, 188/2014, 44/2015, 193/2015, 11/2018, 21/2018 и Службен Весник на Република Северна Македонија број 98/2019), во постапката за определување на оператор со значителна пазарна моќ на определен релевантен пазар, директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 10.06.2019 ја донесе следната

# ОДЛУКА

I

СЕ ОПРЕДЕЛУВА "Кабле Калл" увоз-извоз ДООЕЛ – Кичево, за оператор со значителна пазарна моќ на релевантниот големопродажен пазар за услуга за завршување на повик во јавна телефонска мрежа на фиксна локација на географското подрачје на Република Северна Македонија.

II

На "Кабле Калл" увоз-извоз ДООЕЛ – Кичево му се наметнуваат следните обврски:

- **Обврска за интерконекција и пристап**

Согласно членот 73 став 1, "Операторите имаат право, а по барање на оператор и обврска, меѓусебно да преговараат во врска со интерконекцијата или пристапот, со цел за обезбедување на јавни комуникациски услуги и интероперабилност меѓу услугите".

Согласно ставот 4 "Операторот е должен во рок од десет работни дена од денот на приемот на барањето за интерконекција или пристап да одговори на истото. Договорот за интерконекција или пристап треба да се склучи во рок од 45 дена од денот на приемот на барањето за интерконекција или пристап".

Договорите за интерконекција или пристап меѓу оператор со значителна пазарна моќ на релевантниот пазар и друг оператор мора:

a) да бидат во писмена форма и
b) да го содржат целосно договорот меѓу страните.

Операторот со значителна пазарна моќ на релевантен пазар е должен до АЕК да ги достави склучените договори за интерконекција или пристап со други оператори во Република Северна Македонија, како и склучените договори за интерконекција или пристап со странски оператори во рок од 15 дена од денот на нивното потпишување.

- обврска за обезбедување на пристап и користење на специфични мрежни средства,

Согласно членот 87 став 1, Агенцијата во согласност со Законот за електронски комуникации на операторот "Кабле Калл" увоз-извоз ДООЕЛ – Кичево кој поседува значителна пазарна моќ на овој релевантен пазар му ја наметнува обврската да ги исполни сите разумни барања за пристап и користење на специфични мрежни елементи и придружни средства

Агенцијата, при воведувањето на обврските од ставот 1 на членот 87 од операторот со значителна пазарна моќ на овој релевантен пазар – "Кабле Калл" увоз-извоз ДООЕЛ – Кичево, согласно ставот 3 од истиот член бара:

- на друг оператор да му даде пристап до специфични мрежни елементи и/или средства вклучително и пристап до мрежните елементи кои не се активни и/или разврзан пристап до локална јамка,
- да преговара со добра волја со операторите што бараат пристап,
- да не го повлече дадениот пристап до средствата,
- да одобри отворен пристап до технички интерфејси, протоколи или други значајни технологии што се неопходни за интероперабилноста на услугите или за виртуелните мрежни услуги,
- да обезбеди заедничко користење на иста локација (колокација) или други форми на заедничко користење на придружни средства,
- да обезбеди одредени услуги потребни за овозможување на интероперабилност на услугите од една крајна точка до друга крајна точка на корисниците, вклучително и средства за интелигентни мрежи,
- интерконекција на мрежите или на мрежните средства,
- да обезбеди пристап до оперативниот систем за поддршка или слични софтверски системи што се потребни за да гарантираат праведна конкуренција во обезбедувањето на услуги и
- да обезбеди пристап до придружни услуги како што се услуга за идентификација, локација и присуство.

Согласно член 87 став 4, на обврските од ставот (3) од истиот член, Агенцијата ќе ги додаде и услови за обезбедување на праведност, оправданост и навременост.

- обврска за транспарентност при интерконекција или пристап,
- обврска за недискриминација при интерконекција или пристап и
- контрола на цени и обврски за сметководство на трошоци - "Кабле Калл" увоз-извоз ДООЕЛ – Кичево во референтната понуда за интерконекција која операторот е обврзан да ја објави на својата веб страна, треба да биде содржана и цената за завршување на повик во јавна телефонска мрежа на фиксна локација која што е заснована на симетрична основа со цената утврдена во референтната понуда на Македонски Телеком АД за електронски комуникации – Скопје.

III

Операторот "Кабле Калл" увоз-извоз ДООЕЛ – Кичево, е должен обврските утврдени во точка II на оваа Одлука да ги исполни на начин и постапка утврдена во согласност со Законот за електронските комуникации и прописите донесени врз основа на него.

IV

Операторот "Кабле Калл" увоз-извоз ДООЕЛ – Кичево, е должен согласно членот 84 став 3 од ЗЕК во рок од 30 дена од денот на донесувањето на одлука со која е определен за оператор со значителна пазарна моќ да достави до Агенцијата предлог на референтна понуда за интерконекција или пристап.

V

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

VI

Одлуката е конечна.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Агенцијата за електронски комуникации во соработка со Комисијата за заштита на конкуренцијата спроведе анализа на релевантниот големопродажен пазар за услуга за завршување на повик во јавна телефонска мрежа на фиксна локација на географското подрачје на Република Северна Македонија. Анализата беше спроведена на начин и постапка утврдени со Законот за електронски комуникации и прописите донесени врз негова основа, а при тоа имајќи ги во предвид основните напатствија на Европската Комисија за спроведување на анализи на релевантни пазари и утврдување на оператори со значителна пазарна моќ на релевантните пазари на електронските комуникации.

Во согласност со членот 13 од Законот за електронските комуникации на ден 22.01.2019 год, Нацрт документот за анализа на релевантниот големопродажен пазар за услуга за завршување на повик во јавна телефонска мрежа на фиксна локација беше објавен на јавна расправа со што им беше дадена можност на сите заинтересирани страни да достават свои мислења и забелешки. Финалниот документ од анализата беше објавен на веб страницата на Агенцијата за електронски комуникации на ден 17.05.2019 год.

Со анализата беше опфатен периодот од 01.01.2014 год до 31.12.2017 година. Основна цел на анализата е да се определи дали на релевантниот пазар има доволно конкуренција или тој се приближува кон состојба на ефективна конкуренција, или пак постои оператор на јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација кој има моќ и капацитет самостојно или заедно со други оператори да дејствува независно од конкурентите и корисниците на тој пазар во однос на цените или понудата, односно да се определи дали на пазарот постои оператор со значителна пазарна моќ.

При процената дали еден оператор има значителна пазарна моќ на релевантен пазар беа земени во предвид критериумите утврдени во членот 77 од Законот за електронски комуникации и притоа се утврди дека:

- операторот "Кабле Калл" увоз-извоз ДООЕЛ – Кичево поседува сопствена фиксна мрежна инфраструктура и интерконекција со поголем дел од активните оператори на пазарот на фиксни телефонски услуги во Република Северна Македонија. Според тоа и како што е утврдено во оваа анализа операторот "Кабле Калл" увоз-извоз ДООЕЛ –

Кичево поседува доминантна пазарна позиција за реализација на големопродажната услуга за завршување на повик во јавна телефонска мрежа на фиксна локација која е предмет на овој релевантен пазар. Оперторот "Кабле Калл" увоз-извоз ДООЕЛ – Кичево единствено може да ја обезбеди оваа услуга во сопствената мрежа за повиците кои доаѓаат од другите мрежни инфраструктури. Според оваа констатација се определува дека операторот "Кабле Калл" увоз-извоз ДООЕЛ – Кичево поседува значителна пазарна моќ за обезбедување на услугата во сопствената мрежна инфраструктура на фиксна локација.

Имајќи го во предвид сето погоре наведено, како и фактот дека постојат ограничувања за влез на пазарот и отсуството на ефективна конкуренција се доволен показател за постоење на доминација на пазарот. Според тоа беше донесен заклучок дека оперторот "Кабле Калл" увоз-извоз ДООЕЛ – Кичево е оператор со значителна пазарна моќ на релевантниот големопродажен пазар за услуга за завршување на повик во јавна телефонска мрежа на фиксна локација на географско подрачје на Република Северна Македонија. Согласно овој заклучок и дефиницијата на услугите на релевантниот пазар на операторот "Кабле Калл" увоз-извоз ДООЕЛ – Кичево му се наметнуваат следниве обврски да обезбедува:

- големопродажна услуга за завршување на повик во јавна телефонска мрежа на фиксна локација во сопствената фиксна мрежна инфраструктура.

АЕК на операторот "Кабле Калл" увоз-извоз ДООЕЛ – Кичево, му наметнува обврска висината на цените на услугата која ја обезбедува на овој големопродажен пазар да биде базирана на реалните трошоци и контрола на цените, вклучително и обврски дека цените за специфични видови на интерконекција и/или пристап да бидат определени според трошоците, карактеристиките и можностите што ќе бидат вклучени во сметководствените системи за трошоци.

Основа за воведување на погоренаведените обврски е спроведената анализа на големопродажниот пазар за услуга за завршување на повик во јавна телефонска мрежа на фиксна локација за која се констатира дека постои недостаток од ефикасна конкуренција.

На операторот "Кабле Калл" увоз-извоз ДООЕЛ – Кичево, согласно член 88 став 1 од ЗЕК му се дозволува разумна стапка на поврат на инвестираните средства, земајќи ги предвид и ризиците што се составен дел од инвестициите.

Операторот "Кабле Калл" увоз-извоз ДООЕЛ – Кичево, согласно став 3 од наведениот член подлежи на обврската во врска со цените ориентирани според трошоците, да докаже дека цените се изведени од трошоци и дека во нив е вклучена и стапката за поврат на инвестицијата. При утврдувањето на усогласеноста на оваа обврска, АЕК може да користи сметководствени методи кои се независни од оние кои ги користат операторите и исто така може, да одлучи да побара од операторот "Кабле Калл" увоз-извоз ДООЕЛ – Кичево, да ги оправда цените и каде што е соодветно да бара од нив да ги променат цените. Операторите со значителна пазарна моќ во сопствена мрежа ја носат одговорноста од докажување во постапки покренати согласно со ставот 3 од овој член.

Во референтната понуда за интерконекција која операторот "Кабле Калл" увоз-извоз ДООЕЛ – Кичево е обврзан да ја објави на својата веб страна, треба да биде содржана и цената за завршување на повик во јавна телефонска мрежа на фиксна локација која што е заснована на

AGENCY FOR ELECTRONIC COMMUNICATIONS

симетрична основа со цената утврдена во референтната понуда на Македонски Телеком АД за електронски комуникации – Скопје.

Со оглед на ова, а во соработка со Комисијата за заштита на конкуренцијата на определениот оператор со значителна пазарна моќ му се наметнуваат обврски за кои се смета дека се најсоодветни за спречување на постојната значителна пазарна моќ на релевантниот големопродажен пазар за услуга за завршување на повик во јавна телефонска мрежа на фиксна локација.

Со оглед на ова а врз основа на член 24 од ЗЕК, а во врска со членовите 73, 76, 77, 79, 80, 82, 84, 85, 87 и 88, од Законот за електронски комуникации (Службен Весник на Република Македонија број 39/2014, 188/2014, 44/2015, 193/2015, 11/2018, 21/2018 и Службен Весник на Република Северна Македонија број 98/2019), Директорот на Агенцијата за електронски комуникации донесе Одлука како во диспозитивот.

Марјан Пејовски

Раководител на Одделение за анализа на пазарите

Кристина Божиновска

Раководител на Сектор за регулатива

Синиша Апостолоски

Советник на директорот (врз основа на овластување) за регулатива

Директор

Сашо Димитријоски

Наш бр. 1302-1726/1

Скопје, 10.06.2019

www.aek.mk
21, Кеј Dimitar Vlahov"
1000 Skopje
tel.: ++389 2 32 89 200
fax: ++389 2 32 24 611
e-mail: contact@aec.mk